РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ



ПРАВИЛНИК
ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ

Број 08 – 21/1
18.01.2016 година
Ранковце

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14 и 199/14), Градоначалникот на општина Ранковце, на ден 18.01.2016 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Ранковце

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се утврдува вкупниот број на вработените (административни службеници и помошно – технички лица) во општина Ранковце , распоредот, шифрата, називот и описот на работните места по организациони единици и посебните услови потребни за извршување на работите и на задачите на одделните работни места.

Член 2

Работите и задачите што се вршат во општинската администрација на општина Ранковце се определуваат, согласно нивната сродност, меѓусебна поврзаност, видот, обемот и степенот на сложеноста, одговорноста и другите услови за нивното извршување.

Член 3

Работите и задачите утврдени со овој правилник претставуваат основа за вработување и распоредување на вработените во општинската администрација на општина Ранковце.

Член 4

Табеларниот преглед (работна карта) на работните места во општинската администрација на општина Ранковце.

II. РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 5

Во овој правилник се утврдени и опишани вкупно 30 (триесет) работни места на административни службеници, распоредени по организациони единици согласно Правилникот за внатрешна организација на општинската администрација на општина Ранковце, од кои се пополнети 17 (седумнаесет) , а работните места се распроедени на следниот начин:

Ниво	Систематизирани работни места	Пополнети работни места
А05	1 (еден)	0 (нема)
Б01	0 (нема)	0 (нема)
Б02	0 (нема)	0 (нема)
Б03	0 (нема)	0 (нема)
Б04	6 (шест)	3 (три)
В01	10 (десет)	5 (пет)
В02	0 (нема)	0 (нема)
В03	0 (нема)	0 (нема)
В04	4 (четири)	2 (двајца)
Г01	5 (пет)	4 (четири)
Г02	3 (три)	2 (два)
Г03	0 (нема)	0 (нема)
Г04	1 (еден)	1 (еден)

Член 6

Општи услови утврдени со Законот за административните службеници/друг посебен закон или колективен договор за адмнистративните службеници се:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Член 7

(1) Посебни услови утврдени со Законот за административните службеници/друг посебен закон или колективен договор, за раководните административни службеници од категоријата Б се:

- Стручни квалификации за сите нивоа - ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- потврда за положен испит за административно управување,
- работно искуство, и тоа:
  - за нивото Б1 најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку десет години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор,
  - за нивото Б2 најмалку пет години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку осум години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор или
  - за нивоата Б3 и Б4 најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор;
- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), и тоа:
  - а нивоата Б1 и Б2 преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б2 (B2) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно ИЕЛТС со 5-6 поени, ФЦЕ, БЕК В, ИЛЕК, ИКФЕ, БУЛАТС, или Аптис, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 500 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 175 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 60 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат, ТестДаФ и
  - за нивоата Б3 и Б4 преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б1 (B1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно ИЕЛТС со 3,5 - 4,5 поени, ПЕТ, БЕК П, БУЛАТС, или Аптис, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 450 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 135 бода, или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 45 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат.

(2) Потреби општи работни комепетенции на напредно ниво:

- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
  стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни;
- раководење; и
- финансиско управување.

Член 8

(1) Посебни услови утврдени со закон за стручните административни службеници од категоријата В се:

- стручни квалификации, и тоа:
  - за нивото В1 ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и
  - за нивоата В2, В3 и В4 ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- работно искуство, и тоа:
  - за нивото В1 најмалку три години работно искуство во струката,
  - за нивото В2 најмалку две години работно искуство во струката,
  - за нивото В3 најмалку една години работно искуство во струката или
  - за нивото В4 со или без работно искуство во струката;
- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), и тоа поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А2 (А2) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно КЕТ, ИЕЛТС со максимум 3 поени, БУЛАТС, или Аптис, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 400 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 95 бода, или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 30 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат.

(2) Потреби општи работни компетенции на средно ниво:

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни; и
- финансиско управување.

Член 9

(1) Посебни услови утврдени со Законот за административните службеници/ друг посебен закон или колективен договор за помошно - стручни административни службеници од категоријата Г се:

- ниво на стручни квалификации V А или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование.
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- работно искуство, и тоа:
  - за нивото Г1 најмалку три години работно искуство во струката,
  - за нивото Г2 најмалку две години работно искуство во струката,
  - за нивото Г3 најмалку една години работно искуство во струката или
  - за нивото Г4 со или без работно искуство во струката;
- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), и тоа поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А1 (А1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно БУЛАТС или Аптис; или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 310 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 10 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат.

(2) Потреби општи работни компетенции на основно ниво:

- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- ориентираност кон странките/засегнати страни; и
- финансиско управување.

III. РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА ПОМОШНО – ТЕХНИЧКИ ЛИЦА

Член 10

Во овој правилник се утврдени и опишани вкупно14 (четиринаесет) работни места на помошно - техничките лица, распоредени по организациони единици согласно Правилникот за внатрешна организација на општина Ранковце, од кои се пополнети 13 (тринаесет) .

Член 11

Работните места од членот 18 на овој правилник се распроедени на следниот начин:

Ниво	Систематизирани работни места	Пополнети работни места
А01	0 (нема)	0 (нема)
А02	2 (двајца)	1 (еден)
А03	2 (двајца)	2 (двајца)
Б01	0 (нема)	0 (нема)
Б02	0 (нема)	0 (нема)
Б03	0 (нема)	0 (нема)
Б04	0 (нема)	0 (нема)
Б05	1 (еден)	1 (еден)
Б06	0 (нема)	0 (нема)
Б07	0 (нема)	0 (нема)
Б08	0 (нема)	0 (нема)
Б09	0 (нема)	0 (нема)
Б10	1 (еден)	1 (еден)
Б11	0 (нема)	0 (нема)
Б12	0 (нема)	0 (нема)
Б13	4 (четири)	4 (четири)
Б14	4 (четири)	4 (четири)

Член 12

Општи услови утврдени со посебен закон или колективен договор за помошно – техничките лица во областа управа се:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност

Член 13

(1) Посебни услови утврдени со посебен закон или колективен договор за помошно –техничките лица во областа одржување на објекти и опрема од категоријата Б се:

- за Б3 -ниво на стручни квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или средно образование.
- работно искуство и тоа:

  -за нивото Б3 –со или без работно искуство во струката

Член 14

(1) Посебни услови утврдени со посебен закон или колективен договор за помошно –техничките лица во областа обезбедување на објекти и опрема од категоријата А се:

- за А2 -ниво на стручни квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или средно образование.
- за А3 - основно образование
- работно искуство, и тоа:

- за нивото А2 со или без работно искуство во струката
- за нивото А3 со или без работно искуство во струката

Член 15

(1) Посебни услови утврдени со посебен закон или колективен договор за помошно –техничките лица во областа превоз на лица и опрема од категоријата А се:

- ниво на стручни квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или средно образование.
- работно искуство, и тоа:
- за нивото А1 најмалку три години работно искуство во струката
- за нивото А2 најмалку 1 година работно искуство во струката

-познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија(англиски, француски, германски), и тоа поседување на меѓународно признат сертификат издфаден од официјален европски тестатор, член на здружениетс ALTE на европски тестатори на А1(А1) нивото на ЦЕФР (CEFR) односно БУЛАТС или Аптис; или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 310 бода,ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 10 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат.

Член 16

(1) Посебни услови утврдени со посебен закон или колективен договор за помошно –техничките лица во областа кујна и хотелско-угостителски објекти од категоријата А се:

- ниво на стручни квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или средно образование.
- работно искуство, и тоа:
- за нивото А3 со или без работно искуство во струката.

Член 17

(1) Посебни услови утврдени со посебен закон или колективен договор за помошно –техничките лица во областа други помошно-технички лица од категоријата А се:

- за ниво А1 -ниво на стручни квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или средно образование.
- за ниво А2 основно образование
- работно искуство, и тоа:
- за нивото А1 со или без работно искуство во струката
- за нивото А2 со или без работно искуство во струката

IV. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА РАНКОВЦЕ

1. Секретар	
1.1. Секретар на општина со седиште во село	
Реден број	001
Шифра	УПР0101А05000
Ниво	А5
Звање	Секретар на општина со седиште во село
Назив на работно место	Секретар
Број на извршители	1 (еден)
Одговара пред	Градоначалникот
Вид на образование	правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	Остварување на законско, ефикасно и ефективно работење и раководење со општинската администрација во насока на извршување на надлежностите на општината, обединување на работата на општината и раководење со сите административни службеници, како и подршка и спроведување на работатта на градоначалникот .

Работни задачи и обврски	-го организира, кординира, обединува и насочува извршувањето на работите и задачите во општинската администрација и се грижи за нивното законско, ефикасно, навремено и квалитетно извршување ; -ја следи проблематиката во областите од надлежност на Општината, врши анализа на состојбата и дава иницијатива и предлози за нивно решавање; -се грижи за остварување на стратешкиот план, програмата за работа и буџетот на општината , и врши координирање на подготовката на предлозите за стратешки план, програма за работа, програма за стручно усовршување, извештај за работење; -ги следи и се грижи за спроведување на одлуките, заклучоците, насоките и упатствата на градоначалникоти се грижи за уредноста и ажурноста во работата по предметите и изготвува концепции за унапредување на организацијата, за функционирањето и за методот на работа на општинската администрација; -одржува редовни колегиуми со раководителите на секторите/одделенијата и дава упаства на раководните и другите административни службеници, особено во контекст на управувањето со човечките ресурси; -го советува и му помага на Градоначалникот во врска со комплексни активности и постапки што претставуваат новина и што не спаѓаат во редот на стандардните постапки; -ја следи работата на јавните служби и предлага мерки за ефикасно и ефективно извршување на нивната работа; -го обединува работењето и ја унапредува хоризонталната кординација на сите сектори/оделенија во општинската администрација; и -соработува со други органи на локалната власт, како и со претставници на стопанството и на граѓанскиот сектор; - дава совети по прашања поврзани со претставувањето на општината во рамките на ЗЕЛС и да учествува во работата на работните тела на општината, кога за тоа е овластен од градоначалникот.
1.Одделение	
1.2. Одделение за правни и општи работи	
Реден број	002
Шифра	УПР0101Б04000
Ниво	Б4
Звање	Раководител на одделение
Назив на работно место	Раководител на одделение за правни и општи работи
Број на извршители	1 (еден)
Одговара пред	Секретарот на општина
Вид на образование	правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно,ефективно и квалитетно да дава совети, насоки и да раководи со одделението за работите од подрачјата за кои истото е формирано, за остварување на функциите на општината согласно законот за локалната самоуправа, другите закони и подзаконски акти.
Работни задачи и обврски	1. давање на совети на секретарот односно градоначалникот за прашања од неговиот делокруг на работа и поддршка на неговата работа; 2. раководење со организациона единица, 3. Ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на локалната самоуправа, јавните набавки, заштита и спасување , управување со кризи и други релевантни области и се грижи за нивна примена во општината. 4. Се грижи за навремено и законито изготвувањена прописите и актите од надлежност на Советот и Градоначалникот на општината и дава мислење за усогласеноста на актите и прописите на Советот и Градоначалникот на општината со законите и другите прописи и учествува во работата на Советот и рабнотните тела на Советот на општината кога за тоа е овластен. 5.Се грижи за конзистентноста на општинската регулатива со правниот систем и -ја следи усогласеноста на одлуките и другите општи акти на општината со законите и другите прописи и предлага соодветни активности за нивно усогласување; 6. Се грижи за подготовката на Годишниот план за јавни набавки во законски утврдениот рок и се грижи за подготовката на одлуките за потреба од јавните набавки. 7. Одговорен е за ракувањето со документите на општината и нивното чување се до уништувањето, односно до предавањето на Државниот архивна РМ. 8. Го подготвува планот на архивските знаци и ги подготвува листите на категории за чување на архиската граѓа и на регистратурскиот материјал и го организира вршењето на секретарските работи.

	9. Остварува редовни контакти со другите раководители нна одделенијата и размонува информации и искуства и се грижи за стручното усовршување и работната дисциплина на вработените во одделението, врши оценување на работењето на вработените во одделението и врши оценка на потребите за обуки на вработените во одделението и предлага насоки за нивното доусовршување.
1.Одделение	
1.3. Одделение за правни и општи работи	
Реден број	003
Шифра	УПР0101В01000
Ниво	В1
Звање	Советник
Назив на работно место	Нормативно-правни работи и јавни набавки
Број на извршители	1 (еден)
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	Правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	Изготвување на нормативни акти за Градоначалникот и Советот на општината и спроведување на ефективни јавни набавки.
Работни задачи и обврски	1. Самостојно врши најсложени стручно-администра-тивни, нормативно-правни, извршни, статистички, административно-надзорни, информатички, кадровски, материјални, финансиски, промотивно-информативни и други работи од административна природа; 2. Подготвува материјали и документи кои содржат: предлози на нацрти на законски и подзаконски акти и други прописи и акти, стручни анализи на прашања кои се од значење за примената на законодавството од областа која ја покрива, стручни анализи, информации и други материјали за работни тела, предлози за планот за работа на организационата единица и извештај за напредокот во спроведувањето на неговата работа; и 3. Дава стручна помош, совети и врши менторство на административните службеници од пониските нивоа. 4. Подготвува предлог – Статут, предлог – Деловник за работата на Советот на општината и предлози за нивни измени и дополнувања; подготвува и предлози на Одлуки и други општи акти од надлежност на Советот на општината; 5. Дава задолжителни мислења за усогласеноста на актите и прописите со законите и другите прописи кои ги изготвуваат другите одделенија во рамките на општинската администрација и ја следи усогласеноста на одлуките и другите општи акти на општината со законите и другите прописи и предлага соодветни активност за нивно усогласување ; дава стручни појаснувања и мислења за примена на законите и другите прописи и општи акти. 6. Изготвува стручни мислења по барање на органите на општината и одделенијата во рамките на општинската администрација во врска со примената на законските и другите прописи, врши стручна обработка на прашањата што се од значење за примената на законските одредби и ги предлага концептите , односно пристапот и содржинатана прописите и актите со кои се уредуваат одредени односи; 7. Ги изготвува сите видови договори со кои општината настапува во правниот промет, изготвува анализи информмации и стручно-аналитички и други материјали за комисиите на Советот на општината. 8.Ги следи и согледува потребите од јавни набавки во општината; го подготвува годишниот план за јавни набавки и врши прибирање и обработка на податоци за неговото изготвување во согласност со Законот за јавните набавки; го подготвува и го извршува планот за јавни набавки , а врши и други работи и задачи кои ќе му бидат доверени. 9. Ја подготвува тендерската документација за јавните набавки и подготвува стандардна документација за спроведени постапки за јавни набавки и истата ја презентира на комисијата за јавни набавки; ги подготвува предлог одлуките за потреба од јавни набавки; ги подготвува огласите за јавни набавки и подготвува предлог одлука за избори или неизбор на најповолен понудувач или за поништување на повикот за јавни набавки; учествува во жалбената постапка по јавните набавки и дава стручна помош на комисијата за јавни набавки. 10. Изготвува договори за јавни набавки , ја следи нивната реализаци-ја и врши контрола на налозите за порачки до избраните економски оператори согласно склучените договори за набавка и ја следи реализацијата на порачките.

1. Одделение	
1.4 Одделение за правни и општи работи	
Реден број	004
Шифра	УПР0101В01000
Ниво	В1
Звање	Советник
Назив на работно место	Седници на Совет и застапување
Број на извршители	1 (еден)
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	Правни науки
Други посебни услови	- Уверение за положен правосуден испит
Работни цели	Спроведување на одредени функции во делокругот на одделението за извршување на сложени работи и задачи кои се однесуваат на работи за потребите на Советот на општината и застапувањето на општината пред надлежните судови и други органи.
Работни задачи и обврски	1. Самостојно врши најсложени стручно-административни, нормативно-правни, извршни, статистички, административно-надзорни, информатички, кадровски, материјални, финансиски, промотивно-информативни и други работи од административна природа; 2. Подготвува материјали и документи кои содржат: предлози на нацрти на законски и подзаконски акти и други прописи и акти, стручни анализи на прашања кои се од значење за примената на законодавството од областа која ја покрива, стручни анализи, информации и други материјали за работни тела, предлози за планот за работа на организационата единица и извештај за напредокот во спроведувањето на неговата работа; и 3. Дава стручна помош, совети и врши менторство на административните службеници од пониските нивоа. 4. Подготвува материјали за седниците на Советот на општината и неговите постојани и повремени Комисии; изготвува одлуки донесени од Советот на општината. 6. Врши координирање на работите околу потребите на Советот и врши стручни работи за потребите на Советот и Градоначалникот; 7. Дава предлоза за Програмата за работа на Советот; ги подготвува материјалите за објавување во Службен гласник на општината и го уредува Службениот гласник на општината; 8. Ја застапува општината во правните работи и споровите пред надлежните судови и други органи во Република Македонија по претходно овластување од страна на Градоначалникот. 9. Ги проучува и врши струучна обработка на судските и други предмети, составува писмени поднесоци , предлози , приговори, жалби, одговори на жалби, тужби, противтужби, одговори на тужби, вонредни правни лекови и слично; 10. Обезбедува докази, предлага изведување на докази, учествува при вештачења, обезбедува правосилност на пресуди и слично; 11. изготвува одговори и мислења во врска со предметите во кои ја застапува општината
1. Одделение	
1.5 Одделение за правни и општи работи	
Реден број	005
Шифра	УПР0101Г01000
Ниво	Г1
Звање	Самостоен референт
Назив на работно место	Месни заедници и работи за Советот и за телата на Советот
Број на извршители	1 (еден)
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	Средно образование - гимназиско, економска или правна струка
Други посебни услови	
Работни цели	Вршење на работи за потребите на Советот и работните тела на Советот на општината и месните заедници во општината.

Работни задачи и обврски	1. Учествува во извршувањето на помошно-стручни,сметководствени, материјално-финансиски, информативно-документациони, административно-технички, статистички, информатички, кадровски, и други работи од административна природа; 2. Подготвува материјали, документи и податоци и води евиденции во врска со извршувањето на работите од делокругот на организационата единица; 3. Учествува во оценувањето на административни службеници во својата институција и во други институции; и 4. Врши и други работи утврдени со актот за систематизација на работните места на Институцијата; 5. Самостојно врши најсложени помошно-стручни, сметководствени, материјално-финансиски,информативно-документациони, административно-технички, статистички, информатички, кадровски работи или работи од други области а кои се од административна природа, во согласност со општите упатства на непосредно претпоставениот раководен административен службеник. 6. Врши административно-правни работи за потребите на месните заедници и врши координација со нивните тела, организира собири на граѓани и води целосна евиденција за месните заедници; 7. Ги средува материјалите за седници на Советот на општината и ги средува материјалите за седниците работните тела на Советот на општината, се грижи и организира навремено доставување на материјалите за седница на Советот на општината и на материјалите за седниците работните тела на Советот на општината; 8. Ја координира работата на работните тела на Советот на општината, води и изготвува Записник од седниците на Советот на општината и седниците работните тела на Советот на општината; 9. Ги изготвува заклучоците за извршување на одлуките на Советот на општината и врши техничко средување на Службениот гласник на општината; 10. Врши и други работи за техничка подршка , како што се копирање на материјали, нивно средување и чување на примерок од сите документи на Советот на општината и на работните тела на Советот на општината;
1. Одделение	
1.6 Одделение за правни и општи работи	
Реден број	006
Шифра	УПР0101Г01000
Ниво	Г1
Звање	Самостоен референт
Назив на работно место	Технички секретар на градоначалникот
Број на извршители	1 (еден)
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	Вишо или Средно образование - гимназиско, економска или правна струка
Други посебни услови	
Работни цели	Вршење на технички работи за потребите на Градоначалникот.
Работни задачи и обврски	1. Учествува во извршувањето на помошно-стручни,сметководствени, материјално-финансиски, информативно-документациони, административно-технички, статистички, информатички, кадровски, и други работи од административна природа; 2. Подготвува материјали, документи и податоци и води евиденции во врска со извршувањето на работите од делокругот на организационата единица; 3. Учествува во оценувањето на административни службеници во својата институција и во други институции; и 4. Врши и други работи утврдени со актот за систематизација на работните места на Институцијата; 5. Самостојно врши најсложени помошно-стручни, сметководствени, материјално-финансиски,информативно-документациони, административно-технички, статистички, информатички, кадровски работи или работи од други области а кои се од административна природа, во согласност со општите упатства на непосредно претпоставениот раководен административен службеник. 6. Ги закажува состаноците на Градоначалникот и извршува организационо-технички подготовки на состаноците; ги прима странките и го менаџира нивниот

	прием кај Градоначалникот; 7. Извршува организационо-технички работи во врска со приемот и средувањето на поштата на Градоначалникот; набавка и чување на материјалите за потребите на кабинетот на Градоначалникот; 8. Врши прием и повикување на телефонските повици на Градоначалникот, прием и испраќање на телефакс пораки, му помага на Градоначалникот во менаџирањето електронската пошта на Градоначалникот gradonacalnik@rankovce.gov.mk и службената електронска пошта на општината rankovce@rankovce.gov.mk ; 9. Учествува во подготовката и организацијата на службените патувања на Градоначалникот во земјата и во странство; 10. Обработува на персонален компјутер секакви диктирани, пишувани и печатени текстови по барање на Градоначалникот и Непосредно претпоставениот раководен административен службеник
1. Одделение	
1.7 Одделение за правни и општи работи	
Реден број	007
Шифра	УПР0101Г02000
Ниво	Г2
Звање	Виш референт
Назив на работно место	Архивски и стручно-административни работи
Број на извршители	1 (еден)
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	Вишо или средно образование - гимназиско, економска или правна струка
Други посебни услови	
Работни цели	Вршење архивски и стручно-административни работи за потребите на општината.
Работни задачи и обврски	1.Учествува во извршувањето на помошно-стручни, сметководствени, материјално-финансиски, информативно-документациони, административно-технички, статистички,информатички, кадровски, и други работи од административна природа. 2. Подготвува материјали, документи и податоци и води евиденции во врска со извршувањето на работите од делокругот на организационата единица. 3. Учествува во оценувањето на административни службеници во својата институција и во други институции. 4. Врши и други работи утврдени со актот за систематизација на работните места на Институцијата. 5. Врши помошно-стручни, сметководствени, материјално-финансиски, информативно-документациони, административно-технички, статистички, информатички, кадровски работи или работи од други области а кои се од административна природа, под надзор и контрола на непосредно претпоставениот раководен административен службеник. 6. Ги следи и ги применува законските и другите прописи што се однесуваат на архивското работење, се грижи за правилно архивирање на сите предмети според планот на архивските знаци и листите на категории за чување на архивската граѓа и на регистратурскиот материјал. 7. Врши упис на писмените поднесоци во деловодниот протокол и уписникот на на актите. 8. Учествува во подготовката на планот на архивски знаци и листите на на категории за чување на архивската граѓа и на регистратурскиот материјал; изготвува попис на архивската граѓа од трајна вредност, која во средена состојба му се предава на Државниот архив на РМ; 9. Собира , средува иобработува архивски материјали и се грижи за безбедно чување на архивскиот материјал од секаков вид на оштетување и уништување; учествува во работата на Комисијата за уништување на регистратурскиот материјалпо истекот на утв рдените рокови за негово чување. 10. Ги чува и ракува со печатите и штембилот на Општината ; 11. Врши работи на примање и доставување на поштенски пратки , врши умножување на материјали за потребите на одделението и други стручно-административни работи кои произлегуваат од секојдневното работење на одделенијата.

1. Одделение	
1.8 Одделение за правни и општи работи	
Реден број	008
Шифра	УПР0101Г04000
Ниво	Г4
Звање	Помлад референт
Назив на работно место	Превенција и справување сокризни состојби и координација со ТППЕ
Број на извршители	1 (еден)
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	Вишо или средно образование - гимназиско, економска или правна струка
Други посебни услови	
Работни цели	Вршење на рутински работи за потребите на општината во областа на заштитата и спасувањето и справувањето со кризи.
Работни задачи и обврски	1.Учествува во извршувањето на помошно-стручни, сметководствени, материјално-финансиски, информативно-документациони, административно-технички, статистички,информатички, кадровски, и други работи од административна природа; 2. Подготвува материјали, документи и податоци и води евиденции во врска со извршувањето на работите од делокругот на организационата единица; 3. Учествува во оценувањето на административни службеници во својата институција и во други институции; и 4. Врши и други работи утврдени со актот за систематизација на работните места на Институцијата; 5. Врши наједноставни рутински помошно-стручни, сметководстве-ни, материјално-финансиски, информативно-документациони, административно-технички, статистички, информатички, кадровски работи, или работи од други области а кои се од административна природа, во согласност со упатствата и под надзор и контрола на непосредно претпоставениот раководен административен службеник. 6. Континуирано ги следи и проучува законските прописи и другите општи акти од областа на локалната самоуправа, заштитата и спасувањето и управувањето со кризи. 7. Помага во подготовката на годишната акциона програма за заштита и спасување, која содржи општи нормативни претпоставки за реализирање на националната стратегија за заштита и спасување и го подготвува планот за заштита и спасување од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотиии и други несреќи на подрачјето на општината и пред неговото донесување од страна на Советот на општината , го доставува на мислење во Дирекцијата за заштита и спасување. 8. Помага во подготвувањето на проценка на загрозеност од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотиии и други несреќи на подрачјето на општината. 9. Помага во подготвувањето на стручно-аналитички и други материјали за комисиите на Советот на општината кои се однесуваат на заштитата и спасувањето и управувањето со кризи. 10. Помага при вршењето координација помеѓу општинската администрација и ТППЕ во областа на извршувањето на надлежностите на ТППЕ.

1. Одделение	
1.09 Одделение за правни и општи работи	
Реден број	009
Шифра	УПР0402А02001
Ниво	А2
Звање	Чувар II
Назив на работно место	Обезбедување на објектите на општината
Број на извршители	1 (еден)
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	Средно образование - гимназиско, машин-браварска или електро-техничка струка
Други посебни услови	нема
Работни цели	Вршење обезбедување на имотот на општината и обезбедување на лица, односно на Градоначалникот и на вработените од општинската администрација.

Работни задачи и обврски	1.Врши обезбедување на работните простории на органите на општината и на општинската администрација . 2. Врши контрола на влегувањето и излегувањето на странките , зема идентификационен документ од странката и и издава пропусница на странката. 3. Врши контрола на сите сомнителни предмети што се внесуваат или изнесуваат од вработените или од странките. 4. Врши контрола на сите возила кои се паркираат на службеното паркиралиште. 5. Извршува акти и излегува на терен по барање на инспекторот и непосредниот раководител за асистенција во областа на урбанизмот, градежништвото, комуналните дејности и заштитата на животната средина. 6. Води евиденција на извршени акти во областа на урбанизмот, градежништвото, комуналните дејности и заштитата на животната средина. 7. Врши обезбедување на имотот, односно општинската зграда и дворот и обезбедување на лица, односно на Градоначалникот на општината и на вработените од општинската администрација. 8. Ги запознава граѓаните со основни информации за да го остварат нивното барање и им помага на граѓаните во доставувањето на нивните барања до органот. 9. Обезбедува непосреден контакт на граѓанинот со соодветниот службеник и ги известува службениците за барањата од граѓаните
1. Одделение	
1.10 Одделение за правни и општи работи	
Реден број	010
Шифра	УПР0403А02001
Ниво	А2
Звање	Возач II
Назив на работно место	Возач на патничко моторно возило
Број на извршители	001
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	Средно образование - гимназиско, машин-браварска или електро-техничка струка
Други посебни услови	- поседување на возачка дозвола од „Б“ категорија
Работни цели	Вршење на превоз на Градоначалникот на општината и на вработените од општинската администрација.
Работни задачи и обврски	1.Врши превоз на Градоначалникот на Општината и на вработените во општинската администрација . 2. Се грижи за исправностана возилата за кои е задолжен , за хигиената на возилата за кои е задолжен, за алатот за одржување на возилата, резервните делови и опремата на возилото. 3. Се грижи за навремено регистрирање на службените возила. 4. води евиденција за извршените услуги со возилото и тоа пополнува редовно налог за патување, води евиденција за потрошувачката на гориво и масло на возилото, води евиденција за потрошеното гориво и платените патарини , паркинг-услуги и слично. 5. Доставува канцелариски материјал за вработените во општинската администрација од избраниот најповолен економски оператор. . 6. Помага во вршењето достава на дрва за огрев по канцелариите за време на грејната сезона.
1. Одделение	
1.11 Одделение за правни и општи работи	
Реден број	011
Шифра	УПР0405А03004
Ниво	А03
Звање	
Назив на работно место	Хигиеничар
Број на извршители	002
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	Основно образование
Други посебни услови	
Работни цели	Одржување на хигиената во општинската зграда и вршење на достава на писмена

Работни задачи и обврски	1.Води експедициона книга, донесува пошта, доставува пошта и други писмена во јавните установи основани од општината , во други органи и институции . 2. Разнесува покани за седници и состаноци на членовите на Советот и на работните тела на Советот. 3. Ја одржува хигиената секојдневно во просториите на општината. 4. Ја одржува хигиената секојдневно во санитарните јазли . 5. Ја одржува хигиената периоднично на прозорците, вратите и канцеларијскиот намештај и води грижа за инвентарот. 6. Сече , подготвува и пренесува огревни дрва секојдневно за време на грејната сезона. 7. Се грижи за затоплување на работните простории за време на грејната сезона. 8. Ја одржува хигиената секојдневно на просторот околу влезот на општината
1. Одделение	
1.12 Одделение за правни и општи работи	
Реден број	012
Шифра	УПР0401Б05001
Ниво	Б5
Звање	
Назив на работно место	Одржување на спортски објекти
Број на извршители	1 (еден)
Одговара пред	Раководителот на одделение
Вид на образование	Средно образование - гимназиско,
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно, квалитетно одржување на спортските објекти во општината
Работни задачи и обврски	1.Ја одржува секојдневно хигиената и редовната функционална состојба на спортските објекти во општината. 2. Се грижи за исправноста на спортските објекти и спортските реквизити. 3. Се грижи за затоплување на спортските објекти во затворен простор и за затоплување на објектите на општината и просториите за работа на општинската администрација според потребите и по наредба на претпоставениот. 4.Ја одржува тревната површина на фудбалското игралиште, ја одржува и површината на тениското игралиште и ја заштитува од механички и други оштетувања. 5. Помага во доставата на писмена по наредба на претпоставениот
2. Одделение	
2.13 Одделение за финансиски прашања	
Реден број	013
Шифра	УПР0101Б04000
Ниво	Б4
Звање	Раководител на одделение
Назив на работно место	Раководител на одделение за финансиски прашања
Број на извршители	1 (еден)
Одговара пред	Секретарот на општина
Вид на образование	Економски науки или организациони науки и управување(менаџмент)
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно,ефективно и квалитетно да дава совети, насоки и да раководи со одделението за работите од подрачјата за кои истото е формирано, за остварување на функциите на општината согласно законот за локалната самоуправа, другите закони и подзаконски акти.
Работни задачи и обврски	1. давање на совети на секретарот односно функционерот кој раководи со институцијата каде не се назначува секретар за прашања од неговиот делокруг на работа и поддршка на неговата работа; 2. раководење со организациона единица, која опфаќа:

	- организирање, насочување и координација на работата на организационата единица; - вршење на непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите; - распоредување на работите и задачите на раководителите на организационите единици во состав на организационата единица со која раководи; - давање на стручна помош, совети и вршење на менторство на останатите административни службеници вработени во организациона единица со која раководи; - грижа за стручното усовршување и работната дисциплина на вработените во организационата единица со која раководи; - оценување на раководни административни службеници од непосредно поништото ниво, а по потреба и на други административни службеници кои се вработени во организационата единица со која раководи; - учествува во оценување на административни службеници во својата институција и на административни службеници во други институции; - подготовка на предлог - план за работа на организационата единица со која раководи и организационите единици во состав; - подготовка на извештаи за напредокот во спроведувањето на програмата за работа на организационата единица со која раководи и организационите единици во состав; - подготовка на предлози за политики по начелни прашања од надлежност на организационата единица со која раководи; - подготовка на мислења и анализи за прашања поврзани со одредени политики и со остварувањето на програмата за работа на институцијата, кои бараат одлуки од највисоко ниво на институцијата; - подготовка на иницијативи за решавање на одделни прашања и проблеми од делокруг на организационата единица со која раководи и други материјали; или 3. заменување или помагање на непосредно претпоставениот раководен административен службеник. 4. спроведува ex ante и ex post финансиска контрола и учествува во одлучувањето за спроведување на конкретни одлуки за работите кои се вршат во одделението по претходна инструкции од повисоко ниво и дава препораки за нивна имплементација. 5. Следење и примена на законските и подзаконските прописи и други општи акти од областа на утврдувањето на изворите на приходи на општината, буџетското работење, финансирањето на единиците на локалната самоуправа, уредувањето на изворите на приходи на општината , водењето на сметководството за буџетите и буџетските корисници и други прашања од областа на финансиското и материјалното работење и се грижи за нивната примена. 6. Подготвување, извршување и известување на извршувањето на Буџетот на општина Ранковце и подготовка на стратешкиот план на општината, измена и дополнување на Буџетот и стратешкиот план на субјектот и контрола на подготовката и извршувањето на Буџетот и изготвување на финансиски план за извршување на Буџетот (месечен, квартален и годишен) за субјектот, органите во состав , следењето на остварувањето на приходите и извршувањето на трошоците на субјектот. 7. Доставува Годишен финансиски извештај најдоцна до 10 мај во тековната година за претходната година до Централната единица за хармонизација (согласно член 47 од Законот за јавната внатрешна финансиска контрола). 8. Се грижи за организацијата и ефикасното вршење на работите на утврдување и наплата на даноците кои се изворен приход на општината, таксите и надоместоците што се приход на општината и се грижи за ажурно и ефикасно водење на регистрите на недвижен и движен имот на општината, се грижи и за редовно усогласување на состојбата на регистарот на недвижниот имот со регистарот кој го води Државниот завод за геодетски работи и за навремено доставување на податоците од регистрите до Централнуиот регистар на РМ и Управата за јавни приходи; се грижи и за ажурно и ефикасно водење на другите регистри потребни за утврдување и наплата на комуналните и други такси. 9. Се грижи и ја организира присилната наплата на даноците , таксите и другите надоместоци, обезбедува навремено задолжување на даночните обврзници согласно со законските прописи; подготвува извештаи, анализи и информации за остварувањетона локалните даноци, такси и надоместоци, со цел предлагање на соодветни мерки и активности ; и предлага акти за промена (во смисла на зголемување и намалување) на стапките на локалните даноци во законски рамки. 10. Се грижи за стручното усовршување и работната дисциплина на вработените во одделението, врши и нго организира спроведувањето на оценување на работењето

	на вработените во одделението; врши и оценка на потребите од обуки и предлага насоки за доусовршување на вработените ни остварува редовни контакти со другите раководители на одделенијата во општината со кои се консултира, разменува информации и искуства со цел поефикасно остварување на надлежностите на општината.
2. Одделение	
